# Светски месец на свесноста за рак на грло на матката (Јануари 2024)




Ракот на грлото на матката е четвртиот најчест карцином кај жените. Речиси сите случаи на рак на грлото на матката (99%) се поврзани со инфекција со високоризични хумани папиломавируси (ХПВ), исклучително чест вирус кој се пренесува преку сексуален контакт.
Иако повеќето инфекции со ХПВ се решаваат спонтано и не предизвикуваат никакви симптоми, постојаната инфекција ако не се лекува може да предизвика рак на грлото на матката кај жените.

**Факторите на ризик** за прогресија на ракот вклучуваат степен на онкогеност на типот на ХПВ, имунолошки статус на жената, присуство на други сексуално преносливи инфекции, поголем број на раѓања, прва бременост во млада возраст, употреба на хормонални контрацептиви и пушење.

**Превенција**: Зголемувањето на јавната свест, пристапот до информации и услуги се клучни за превенција и контрола во текот на животот (што се потврдува со поголема застапеност и смртност на овој вид на рак во земјите со низок и среден приход ез достапни превентивни пристапи).

- Примарна превенција (ХПВ вакцинација)
- секундарниот превентивен пристап ***(скрининг со земање на ПАП тест)*** ќе ги спречат повеќето случаи на рак на грлото на матката.
- На која било возраст со симптоми, раното откривање проследено со брз квалитетен третман може да излечи рак на грлото на матката.Ракот на грлото на матката е една од најуспешно излечливите форми на рак, доколку се открие рано и ефикасно се управува со болеста.

**Жените треба да посетат гинеколог доколку забележат:**

- ✓ невообичаено крварење помеѓу циклуси, по менопаузата или по сексуален однос;
- ✓ зголемен или непријатен вагинален исцедок;
- ✓ симптоми како постојана болка во грбот, нозете или карлицата;
- ✓ губење на тежината, замор и губење на апетит;
- ✓ оток во нозете...

**Со сеопфатен пристап за превенција, преглед и лекување, според СЗО, ракот на грлото на матката може да се елиминира како јавно здравствен проблем во рок од една генерација.**

**Ниту една жена не треба да умре од карцином на грло на матка!**

**Изработил:**
**Д-р Спец. Даниела Чингоска**
**Центар за јавно здравје Охрид**